# Како да се постигне квалитетно високо образование во Македонија

# Преглед на реформите во високо-образовниот процес во Македонија

Аналитика

-Декември 2008-

www.analyticamk.org

## Кратка содржина

Земајќи го предвид значењето на реформите во високообразовниот сектор за Евро-интегративниот процес на Македонија, Аналитика го инициираше ова истражување со цел да генерира информации поврзани со ефективноста на јавните политики во развојот на високото образование, истите да ги анализира и да ја следи нивната имплементација идентификувајќи го јазот помеѓу регулативите и практиката. Главниот акцент на овој извештај е следствено ставен на:

- На кој начин стратегијата за национален развој во високото образование е адаптирана на сегашниот капацитет на високо-образовниот сектор?
- На кој начин националната правна рамка е адаптирана во однос на Европските регулативи?
- Какви се резултатите од имплементацијата на националните регулативи во однос на различните сегменти на секторот како: управување, финансирање, администрација, студиски програми и др.?

Истражувањето се темели на бројни интервјуа со релевантни актери вклучени во високо-образовниот процес како членови на универзитетската управа, професори и студенти. За статистичките податоци користени во извештајот се консултирани релевантни експерти со цел споредба на практичното искуство во поглед на собраните квантитативни податоци. Намерата на ваквиот мултидисциплинарен приод е да се обезбеди флексибилност во разгледувањето на специфичниот социо-политички контекст и да се понуди ворамнотежена анализа во однос на различните перцепции на системот од управувачки и практикувачки аспект.

Содржината на извештајот е структурирана низ четири поглавја од кои секое разгледува различен аспект на високо-образовниот сектор во Македонија. Во заклучокот на секое поглавје, понудени се перпораки кои во краток рок би го подобриле генералниот перформанс на секторот.

**Генерални информации:** Анализте базирани на историскиот развој на секторот и статистичките трендови укажуваат на потреба од креирање долгорочна стратегија за зголемување на бројот на запишани студенти во високото образование во Македонија. Оваа стратегија би ги земала во предвид развојните капацитети на јавниот и приватниот високо-образовен сектор со цел постигнување најдобри резултати во поглед на дипоrange студенти и можности за нивно понатамошно доусовршување.

**Финансирање:** Финансиските показатели во високо-образовниот сектор укажуваат на важноста од воспоставување директна врска помеѓу

финансиите и покажаните резултати на високо-образовните институции. Годишните извештаи и надворешните проценки треба да бидат базирани на јасни параметри кои би произвеле јавно достапни информации за финансиската работа на секторот. Моменталната практика вклучува несоодветни извештаи во кои недостигаат параметри за квалитетот на наставата како и недостаток на јасно дефинирани последици од неадекватно трошење на средствата. Потребно е да се дефинираат јасни показатели кои би го поттикнале развојот на долгорочни финансиски стратегии на високо-образовните институции базирани на ефикасно финансиско работење.

**Организациска структура:** Новата законска рамка за високото образование усвоена 2008та година нуди можности за професионализирање на менаџерската управа на високо-образовните институции. Сепак, можноста за назначување на надворешни членови на менаџерски позиции предизвикува сомнеж меѓу академските кругови за начинот на кој ке биде дистрибуирана управната моќ. Опасност постои од неприфаќање на донесените одлуки без подршка на авроритативни актери од академската заедница и мешање на политичката моќ во автономноста на институциите.

Потребно е поедноставување на целокупната организациска структура на секторот со јасно распоредување на одговорностите помеѓу управните тела. Истовремено, неопходно е воведување на посебни управни тела кои би го надгледувале распоредувањето и трошењето на јавните финасии И на тој начин би ја спречиле политичката зависност во управувањето на високо-образовните институции.

**Наставни програми и обезбедување квалитет на високото образование:** Потребни се итни мерки за подобрување на ситуацијата во поглед на квалитетот во јавните високо-образовни институции. Улогата на предавачите мора да се преиспита со цел да се стимулира интеракцијата помеѓу професорите и студентите. Работните задачи за студентите мора да бидат дефинирани преку потребите на студиските програми така што би ја промениле досегашната практика на постигнување оценки кон постигнување знаење. Информациите за начините на подобрување на наставниот процесс мора да бидат систематски диструбуирани помеѓу академската заедница од страна на владините и високо-образовните институции со посебно подржани работилници и проекти. Параметрите за оценување на квалитетот мора да бидат стандардизирани и јасно поставени на национално ниво вклучувајќи елементи како инфраструктурни можности, квалитет на високо-образовниот кадар, научни помагала, достапност на информации и др.

**Недостатоците во високо-образовниот сектор детектирани низ овој извештај ќе бидат предмет на понатамошни анализи во следните извештаи на Аналитика. Земајќи ги во предвид Европските регулативи, Аналитика ќе продолжи да се повикува на прашањата на финасирање, организација и квалитет на високо-образовниот сектор низ истражувања во три главни области: Имепламентација на ЕКТС; Имплементација на законската рамка по**

однос на организациската структура; Потикнување на принципите за социјална интеграција во високо-образовниот сектор.

*Програма за Образование и култура*

*Публикации кои следуваат*

"Имплементација на ЕКТС во Македонија"

Контакт


*Аналитика*

Даме Груев 7-8/3
1000 Скопје, Македонија
тел: + 389 2 312 1948
web: www.analyticamk.org
info@analyticamk.org

*Истражувач на програмата за Образование и култура*

Катарина Кречева

krecheva@analyticamk.org


***Аналитика*** - непрофитабилна независна организација посветена на асистенција на лица и институции со цел зајакнување и долгорочно подобрување на демократијата и владеењето во Р.Македонија како и пошироко во регионот.

***Аналитика*** е организација за анализа и истражување на јавни политики (тинк-танк) посветена на промовирање и унапредување на соработката помеѓу субјектите и организациите во Р.Македонија и пошироко во регионот.